ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
"КОМУНАЛЕЦ" ц.о.
бр.02 – 166/1
11.02. 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈП. „КОМУНАЛЕЦ„ КРИВА ПАЛАНКА
Адреса :КриваПаланка , "Илинденска " бр. 17
Телефонифакс: 031 * 375-100 Директор ; 375-747 Комерција
Жиросметка2100402270350130 Тутунскабанка Скопје 320 - 1000050418 - 67
ЦентралнаКооперативна Банка -Скопје
*Жиросметка :240-3500013189 - 69 УНИ- Банка*
Е.Д.Б. МК4015989100876

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА ЈП КОМУНАЛЕЦ-КРИВА ПАЛАНКА

## ЗА 2022 ГОДИНА

## ВОВЕД

Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка е основано заради вршење дејност од јавен интерес а кое е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните и правните субјекти на територија на Општина Крива Паланка. Основач на Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка е Советот на Општина Крива Паланка и истото е основано во 1963 година.

Претпријатието во својот делокруг ги извршува следните дејности:

- Снабдување со вода за пиење (зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до корисникот на услугата),
- Одведување и пречистување на урбани отпадни води,
- Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад,
- Одржување на јавна чистота ( чистење, миење и метење на јавни површини, јавни и отворени простори за јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови),
- Одржување на паркови и рекреативни површини и работи на спортски објекти
- (изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење и сечење на трева и гранки),
- поставување и одржување на јавно осветлување,
- одржување на гробишта,
- отворени и затворени пазари на големо и мало и др.

Сите дејности кои ги обавува ЈП Комуналец-Крива Паланка се усогласени со Националната класификација на дејности и се запишани во Централниот регистар на РСМ. Сите активности за горенаведените дејности се извршуваат според секојдневни оперативни планови и секојдневни настани.

При изготвувањето на Програмата за работа за 2022 година е појдено пред се од интересите на граѓаните како и од интересите и целите на Претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето, целосно искористување на постојните капацитети, подигање на нивото на

услугите, максимална ангажираност на вработените и смалување на трошоците во работењето.

За планираниот обем на работните задачи, квалитетот на извршувањето на работите и постигнувањето на добри финансиски резултати, како појдовни елементи при изработка на Програмата земени се условите за стопанисување во економската сфера во државата и потребите за развој на Претпријатието.

Дејноста на Претпријатието е организирано во пет сектори и одделенија во рамките на секој сектор.

Целта на Секторот за Општи и правни работи согласно програмата за работа за 2022 година како и во претходните години е следење, правилна примена и толкување на сите законски прописи и примена на постоечките законските прописи и подзаконски акти, а се со цел правилно и законито работење на ЈП Комуналец-Крива Паланка.

Согласно дејноста и внатрешната организација на претпријатието и програмата за работа преку Секторот за општи и правни работи ЈП „Комуналец"-Крива Паланка во 2022 година ќе врши следење на работните ангажмани на вработените и ќе организира обуки со цел подобрување на квалитетот на услугите на граѓаните.

Преку Секторот за општи и правни работи ќе се врши наплата на доспеани парични побарувања од физички и правни лица кои и покрај повеќекратни опомени одбиваат да го платат долгот со тоа што ќе се даде можност долгот да биде платен на повеќе рати со склучување на договори на одложено плаќање. Во спротивно како крајна мерка ќе се поднесуваат тужби и предлози за извршување пред надлежните органи и институции се со цел наплата на побарувањата и овозможување на нормално работење на претпријатието.

Во овој сектор исто така - преку електронскиот внес се овозможува во Системот за управување со човечки ресурси, електронски увид на сите вработени од Министерството за информатичко општество и администрација со целосен и јасен преглед за секој вработен. Со цел стручно усовршување на административните службеници во 2022 година се предвидуваат генерички редовни обуки според Годишниот план за обуки утврден од страна на МИОА. Бројот на вработени во ЈП Комуналец-Крива Паланка изнесува 91 лица на неопределено работно време и 12 лица ангажирани преку агенцијата за привремени вработувања.

Исто така согласно потребите се склучуваат и договори на дело за извршување на повремени и привремени работи со одреден број на физички лица, а чиј број варира согласно потребите на претпријатието во даден период.

Согласно Законот за јавни набавки, а врз основа на утврдените извори на финансирање во законски предвидениот рок е донесен планот за јавни набавки за 2022 година на ЈП Комуналец-Крива Паланка во чии рамки се дефинирани предметите на договорите за јавна набавка, нивната проценета вредност и динамика на реализирање и ќе се врши навремено организарање и спроведување на јавните набавки.

Ј.П.Комуналец - Крива Паланка очекува во 2022 год. да оствари вкупен приход од 68.375.000,00 денари.Поединечно приходите произлегуваат од:

| | ПРИХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода | 19,500,000 |
| 2 | Приходи од смет | 26,000,000 |
| 3 | Приходи од канализација и приклучоци од канализација | 2,500,000 |
| 4 | Приходи од пазар | 500,000 |
| 5 | Приходи од гробишта | 2,700,000 |
| 6 | Приходи од одржување на јавни површини | 4,275,000 |
| 7 | Приходи од оделување и нови приклучоци и водоинст. услуги | 650,000 |
| 8 | Приходи од зимско одржување | 2,500,000 |
| 9 | Други неспомнати приходи | 5,000,000 |
| 10 | Одржување и уредување на јавни зелени површини | 4,750,000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **68,375,000** |

За да може да го оствари горенаведениот приход Ј.П. Комуналец-Крива Паланка аналогно на тоа предвидува да направи одредени расходи во вкупен износ од 68.060.000,00 денари и тоа:

| | РАСХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Потрошен материјал и резервни делови | 6,300,000 |
| 2 | Потрошена електрична енергија | 1,800,000 |
| 3 | Потрошено гориво | 3,000,000 |
| 4 | Пресметана амортизација | 6,000,000 |
| 5 | Бруто плати | 39,700,000 |
| 6 | Репрезентација | 150,000 |
| 7 | Нематеријални трошоци | 2,000,000 |
| 8 | Занаетски услуги и одржување | 550,000 |
| 9 | Непредвидени расходи | 700,000 |
| 10 | Обука и набавки на опрема за справување со кризи и елементарни непогоди | 60,000 |
| 11 | Времено ангажирање на работници по договор на дело | 3,000,000 |
| 12 | Времено ангажирање на работници преку агенција | 3,000,000 |
| 13 | Трошоци за вработени (регрес, отпремнина за заминување во пензија и др. | 1,800,000 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **68,060,000** |

И во 2022 година вработените ќе посетуваат семинари, а на повисоко ниво и студиски патувања во странство организирани преку Здружението на комунални претпријатија на РС Македонија -АДКОМ, каде се презентираат најновите технологии од комуналните дејности во другите држави. Доколку се јави потреба планирани се посети и на саем доколку го дозволуваат тоа здравствените услови од причини што пандемијата сеуште трае и дел од семинарите се извршуваат on-line.

Врз основа на активностите од секторот Водовод со замена на водомерите со дигитални водомери кој проект е започнат претходно и е реализиран 100 проценти во 2022 година се очекува реално мерење на потрошувачката, а воедно и реални приходи, а со тоа ке се намали и незадоволството кај физичките и правните лица .

Во 2022 година планираме процентот на реализација по програмата за одржување на Јавни површини и програмата за одржување и уредување на Јавни зелени површини склучена со Општината да го зголемиме.

Исто така и во 2022 година ќе го продолжиме учеството на тендери за добивање на градежни работи врз основа на објавени огласи, бидејќи Ј.П. Комуналец–Кр.Паланка поседува соодветна лиценца за градба од Б категорија со која може да учествува на истите.

Во 2022 година ЈП Комуналец Крива Паланка планира да изврши наплата од физички и правни лица за извршените услуги од нејзина страна во износ од 71.000.000,00 денари, употребувајќи ги сите механизми за наплата како што се исклучување од градската водоводна мрежа, склучување на спогодби на рати, а за тие што нема да ги искористат горенаведените опции наплатата ке биде извршена по судски пат. Средствата што ке бидат наплатени дел од истите ќе се искористат за исплати на обврски спрема добавувачите во износ од 28.000.000,00 денари а исто така планира да ги исплати платите спрема вработените и другите тековни обврски поврзани со вработените и друго.

Врз основа на горенаведените мерки ќе дојде до зголемен процент на наплата на побарувањата,а пак тоа директно ќе се одрази врз поредовна исплата на нашите обврски, како и до поголем прилив на средства што ќе овозможи Ј.П. Комуналец–Кр.Паланка да набави нови основни средства и

редовно да ги сервисира постоечките, а сето тоа ќе придонесе до давање на поквалитетни услуги на граѓаните.

Врз основа на планот за јавни набавки планираме да обезбедиме финансиски средства за набавка на потребните материјали за сите сектори, за резервни делови на возилата, гуми за истите и слично, во вредност од 12.180.000,00 денари.

За непречено одвивање на секојдневната работа, Ј.П. Комуналец има потреба и од одредени услуги од надвор, за кои се планира да се обезбедат средства во износ од 6.000.000,00 денари.

Во 2022 година планираме да набавиме теренско возило во вкупна вредност од 600.000,00 денари.

Во 2022 година планираме да набавиме на лизинг трактор со приклучна механизација во износ од 2.800.000,00 денари.

Во 2022 година за потребите на водовод ке се набави материјал за поврзување од стара на нова линија, замена на азбесни цевки на улица Херој Карпош, Моша Пијаде и улица Партизанска, санирање на зафати во Калин Камен и Скрљава, оградување на резервоари во с.Луке и с.Станци. Исто така е планирано да се набави нова пумпа во с. Конопница( превземен од Пролетер).

Ј.П.Комуналец од Крива Паланка планира работењето во 2022 год. да го заврши успешно и да оствари позитивен финансиски резултат.

Како во изминатиот период така и во 2022 година вработените во Секторот за водовод, канализација и филтер станица ќе се грижат за редовно обезбедувње на граѓаните со чиста и квалитетна вода за пиење,одржување на водоводните и канализационите системи како и санирање на дефекти во најкраток можен рок.

Имајќи го во предвид секојдневното зголемување на потребите за користење на пивка вода од една страна,а од друга страна секојдневното намалување на издашноста на чиста вода за консумирање од страна на човекот се соочуваме со недостиг на вода посебно во летниот период кога е зголемена потрошувачката на вода.Поради тоа и понатаму ќе се залагаме за одржување во функционална состојба на постоечките извори за обезбедување на вода како и намалување на загубите на вода во водоводната мрежа.

Во Калин Камен ќе се продолжи со активностите за водоснабдување и оваа година. Активностите ќе се состојат од санирање на захвати,собирни шахти,заштитна ограда како и контрола на доводниот цевковод,се со цел на зачувување на зафатените количини на изворска вода и намалување на

потребите од обезбедување на дополнителни количини на вода од бунарскиот систем.

Во 2022 година освен санирање на захвати и собирни шахти во Калин Камен се планира да се работи и на захвати и собирни шахти на водовод „Скрљава – Белево“ како и замена на дел од водоводната мрежа.

За комплетна реализација на проектот „Замена на азбест-цементни цевки во Крива Паланка“ , ЈП „Комуналец“ и оваа година ќе продолжи со поврзување на постојните водоводни приклучоци од старата на нова линија и тоа на ул.Херој Карпош,ул.Моша Пијаде,ул.Партизанска и др.

Во 2022 година приоритет на Сектор за водовод,канализација и филтер станица ќе биде замена на дел од водоводната мрежа каде сеуште има метални цевки со полиетиленско црево.За да може ова да се изреализира потребна е соработка со Општина Крива Паланка.

Предвидено е да се стави нова пумпа во бунарот од водоводниот систем кај „Пролетер“ во село Конопница кој е предаден на ЈП „Комуналец“.Ќе се направи и санација на резервоарот и комплетната инсталацијата од овој систем, а потоа се планира да се поврзе овој водоводен систем со веќе постоечкиот во с.Конопница за „Трнци“ .Ова е со цел за подобро снабдување со вода за пиење при зголемена потрошувачка во летниот период кога има потреба од поголема количина на вода за задоволување на потребите на корисниците.

Исто така се планира комплетно превземање на сите резервоари (што се снабдуваат со вода за пиење од изворите во долината на Селска Река) како би можеле правилно да менаџираме со расположивата количина на вода во секој од резервоарите. За да може да го изреализираме ова потребна е соработка со Општина и месната заедница од село Конопница, бидејќи таму се превземени два резервоара и тоа за маалите: Деловодци, Чивлк, Дом,Стамболијци и Карпина маала, а од три резервоара не се предадени клучевите од страна на месната заедница.

Ако Општина Крива Паланка обезбеди средства за доизградба и реконструкција на водоводот „Вирови“ , ЈП „Комуналец“ по реконструкцијата ќе пристапи кон отстранување на дивите приклучоци на самата водоводна мрежа, а потоа ќе направи поврзување на постојните корисници на реконструираната мрежа.

Во село Луке ќе се продолжи со приклучување на сите корисниците кои ќе поднесат барање за користење на вода за пиење од овој водовод, а за истите постојат хидротехнички услови. Се планира да се оградат резервоарот и захватот, бидејќи се предадени без да биде направена ограда на истите. Исто така ќе наместиме и систем за дезинфекција на водата.

Во село Станци треба да се направи санација на захватот и ако има можност треба да се обезбедат нови количини на вода, бидејќи во летниот период овој систем нема капацитет да ги задоволи потребите на корисниците. Се планира да се оградат резервоарот и захватот, бидејќи се предадени без да биде направена ограда на истите. И на овој водовод ќе наместиме систем за дезинфекција на водата.За овој водовод нема никаква техничка документација.

Во 2022 година вработените во ЈП „Комуналец" – Крива Паланка редовно ќе ја одржуваат во исправна состојба канализационата мрежа,составена од левиот и десниот колектор.Отстранувањето на дефекти,како и досега, ќе се врши во најбрз можен рок.

Ќе се продолжи со изработка на приклучоци на канализациона мрежа во Бојанов Дол, улица „8-ми Октомври", село Мождивњак, село Длабочица, Мезовски ливади и Крстата падина по претходно доставено барање од страна на корисниците.

Се планира во соработка со Општина Крива Паланка санација на собирен крак од ул.Калин Камен и изградба на две шахти на истиот и негово спојување со изградената канализациона мрежа на улица „8-ми Октомври ". Исто така треба да се доизгради и дел од канализациона мрежа за објекти на истата улица (кај гимназија).

Ќе биде завршена започнатата канализациона мрежа во населба „Цонев Рид" и ќе бидат приклучени опфатените објекти на истата.

Во село Конопница треба да се направи дел од канализациона мрежа за дел од објекти во маала Деловодци и истиот да се приклучи на веќе постоечка канализација.

Оваа година е предвидена доизградба на главниот колектор и спојување на десен со лев колектор до локацијата што е предвидена за Пречистителна станица за фекални води.

Предвидена е дислокација на дел од главен лев колектор во градското подрачје и ќе треба да се направат поврзување со веќе постојните приклучоци.

Ќе се изврши дератизација на канализационата мрежа во Крива Паланка, село Конопница и село Мождивњак и тоа двапати во годината согласно Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2022 година.

Исто така и во 2022 година ЈП „Комуналец" – Крива Паланка ќе продолжи со одржување на системот за јавно осветлување во Општина Крива Паланка.

Во секторот Комунална хигиена, пазари и гробишта на ЈП Комуналец Крива Паланка-Крива Паланка, во делот на собирање, транспортирање и

депонирање на комунален отпад со програмата за работа на ЈП Комуналец за 2022 година се предвидува да го зголемиме опфатот на собирање на комунален отпад во приградските населби на општина Крива Паланка и селата Мождивњак, Конопница и Бегови Бавчи и ке се воспостави распоред за зголемен број на фрекфенција на организирано собирање на комунален отпад во Општината Крива Паланка.

Согласно програмата за управување со отпад на Општината Крива Паланка потребно е да се постават садови за селктиран отпад во градот Крива Паланка на локации соглано распоредот на поставување на урбана опрема на градот Крива Паланка.

На корисниците на услугата за собирање и депонирање на комунален отпад ЈП Комуналец Крива Паланка дава можност сите оние кои сакаат да се снабдат со садови за отпад –пластични канти од 120 литри, може да ги купат од ЈП Комуналец Крива Паланка и да ги отплатат на 12 месечни рати.

Во градската комунална депонија каде се депонира севкупниот отпад од Општина Крива Паланка за затрупување на отпадот на површината во депонијата и зтварање на косините на депонијата потребно е да се насипат и испланираат 1600м³ земја. Дел од депонијата да се огради и преуреди за компостирање на биоразградлив отпад.

Метењето на улиците ке се врши согласно програмата на Општина Крива Паланка за јавна чистота, а миењето на улиците ке се врши од постоечката хидрантска мрежа, а оние улици кои немаат хидрантска мрежа ке се перат со цистерна за таа намена. За зголемување на квалитетот и обемот на количините на услугите за метење на улиците и тротоарите во Крива Паланка потребно е да се обезбеди нова механизација со додатна опрема за метење на улици.

Зимското одржување на улиците во градот и локалните патишта во Општина Крива Паланка ќе се извршува согласно програмата на Општината за зимско одржување, согласно потребите навремено ке се набават доволно количини на сол и камена ризла, како и доопремување на потребната механизација со соодветна приклучна опрема како и сервисирање на постоечката механизација.

На отворениот зелен пазар се планира во 2022 година да се стави во функција посебниот дел од зелениот пазар наменет за продажба на јајца,млеко и млечни производи и друго.

Просторот предвиден за продажба на јајца, млеко и млечни производи е со површина од 130м² и во него се поставени 20 разладни витрини и има два влеза, во кои ке се запазат стандардите на ХАСАП-системот за услови за трговија со храна ,безбедност со храна и добра хигиенска пракса.

Санитарните чворови се планира да се реновираат.

Во одделението за Градски Гробишта евиденцијата на гробните места и носителите на гробните места се уредуваат во електронска форма.Во Новите градски гробишта се планира оформување на нов оддел број 11 со кое се планира нови гробни места за 2022 година.

Исто така ке се постави нова електрична водоводна и одводна инфраструктура. Се планира и изградба на нови два санитарни јазли за новите оддели во новите гробишта. Во зависност од финансиските услови планираме да се изврши оградување на новите гробишта,изградба на нови потпорни ѕидови и странични пешачки патеки.

На Старите градски гробишта каде има појава на ерозија и свлечиште планираме да изградиме потпорен ѕид.

Согласно програмата на Општина Крива Паланка за урбанистичко уредување,планираме да се изработат бекатон плочки за поплочување на тротоари,стази и други рекреативни површини согласно потребите на Општина КриваПаланка.

Секторот Паркови и Зеленило според Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2022 год. донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка ги планира следните активности:

- Одржување на постоечките објекти (косење на тревна вегетација -рачно и машинско косење , гребење , собирање,утовар и изнесување на трева , чистење на лист од тревници , утовар и транспорт , чистење на отпадоци од трева,кроење дрвја,плевење и окопување , пополнување на празни места со тендафили и декоративни дрвја , нивно кроење, окопување и наводнување,метење на трим патеки , стругање патеки, чистење фонтани, чистење патеки од снег , кроење на гранки , садење на садници и фито заштита.
- Собирање смет по зелени површини – Во речно корито на Дурачка река, просторот позди згради на ул.Св.Јоаким Осговски, просторот позади сама зграда на ул.Херој Карпош ,Корито на Домачки Дол и просторот околу спортски терени се врши само операцијата собирање на смет 12 пати во годината .

- Површини за косење - Во градското подрачје според Програмата за 2022 година предвидени се површини каде ќе се врши само опреацијата косење и собирање на тревна вегетација .Бројот на планирани косења зависи од климатските услови и истото се движи од 2 – 5 пати во текот на годината од IV – X месец.

- Подигање на нови површини - Во 2022 год. планирано е подигање на нови зелени површини на вкупна површина од 15 495 м² на следните локации речно корито на Крива река (II-IV месец), косина кај Треска (VI

месец), Косина над ново мосте на Дурачка река под вливот на Крива река(VII месец ), зелена површина кај сама зграда на ул.Херој Карпош (IX месец).

- Допорамнување на речно регулационо корито на Крива Река опфаќа машинско порамнување и физичко (рачно) одстранување на камен на следната локација : Од Спортска сала до големиот мост кај градски базент X-XI месец .

- Чистење на речно корито на Крива река од несоодветна вегетација - Во пролетните месеци предвидено е машинско вадење на несоодветна дрвенаста вегетација пред се врби и порамнување на речното корито на Крива Река на локација од мосте Стар Пролетер до крај на регулација на Крива Река лева страна како пред припрема за идно озеленување.Во текот на целата година предвидено е вадење на изданки од врби од минор коритото на Крива река и одстранување на акомулиран матријал од минор коритото на Крива река.

- Чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица на следните локации : Касарна, Треска- Карпош, Пензионерски Дом, Влез на град (Кам), од парк до Големиот Мост , од Осички Мост до тениско игралиште , игралиште Бавчалк и непредвдени површини во период од VI до X месец.

- Сечење на дрвја и кроење на гранки(рачно и машински) надвиснати над јавни површини или истите представуваат опасност по имотот и животот на граѓаните ќе се врши во зависност од бројот на решенија кои ќе бидат издадени од страна на комуналниот инспектор.

- Подигање на дрвореди - Според Деталниот Урбанистички План за 2022 год. планирано е подигање на дрвореди од листопадни и зимзелени дрва.
- Набавка и производство на цвеќе - За 2022 год. се планира сопствено производство на околу 5 000 броја цвеќе од семе и расад и набавка на цвеќе во саксии со различна големина околу 8 500 броја.

- Набавка на дрвја и грмушки – Се планира да се набават листопадни дрва со висина до 2 м, иглолисни дрва од 1,8 – 2 м, иглолисни дрва (грмушки), зимзелени грмушки и грмушки(лаванда и др.) 850 броја

- Изработка и одржување на декоративни цветни форми во 2022 год. се планира да бидат изработени три декоративни цветни форми кои ќе бидат поставени на зелени површини низ градот кои дополнително ќе бидат одредени и се планира да се обноват веќе постоечките декоративни форми(грб,гамбиони и др.)

- Набавка на алат и опрема за работа - за навремено и квалитетно извршување на предвидените работи и модернизирање на производниот процес за 2022 год. Секторот Паркови и зеленило потребно е да се набави следниот алат и опрема за работа :
- Тример за косење,
- Самоодна косилка
- Поставување на систем капка по капка
- Прскалки за наводнување
- Бетонски жардињери,
- Помошен алат и прибор (лопати,колички, гребла, рачни коси, ножици за кроење и др. )
- Поставување на клупи на нови зелени површини на различни локации;
- Набавка и поставување на клупи на нови зелени површини на различни локации по зелените површини.

Сите активности кои не беа завршени во 2021 година се предвидуваат да бидат завршени во тековната 2022 година доколку се уште постои потреба од нивно завршување.

Исто така, ЈП Комуналец-Крива Паланка ќе врши и други неспомнати работи во програмата за работа за 2022 година, а кои ќе се јават како тековни потреби во работењето на ЈП Комуналец-Крива Паланка како и за општината и други правни лица со кои ќе се склучуваат посебни договори за работа.

**Изготвиле:**
**Цане Николовски**
**Марина Димитрова**
**Валентина Велеска**
**Зоран Илиевски**
**Драги Пеичиновски**

**ЈП Комуналец –Крива Паланка**

**Директор,**
**М-р Миле Марковски дипл.геод.инж**